Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
- МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА -
- MINISTRIA PËR ÇËSHTJE EVROPIANE-
08.05.2025

Архивски број 01-598/4

Врз основа на член 49 став 1 и член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, објавен во "Службен весник на РСМ" бр. 96/19, 110/19 и бр. 121/24), член 13 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија"бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 140/18) и член 2 став (4) од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/2016), Министерот за европски прашања донесе

**УПАТСТВО**

**за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите и на пријави од укажувачи**

**Општи одредби**

Член 1

Со ова Упатство се пропишува начинот и постапката за прием на пријави од укажувачи доставено заради заштитено внатрешно и заштитено надворешно пријавување во Министерството за европски прашања (во понатамошниот текст: МЕП), издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање мерки за обезбедување заштита на личните и други податоци кои се однесуваат на укажувачи и на пријави од укажувачи, а применувајќи ги прописите за заштита на личните податоци и заштита на класифицирани информации.

Член 2

Заштитено внатрешно пријавување и заштитено надворешно пријавување, укажувачот врши во МЕП, ако има разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или

е веројатно дека ќе се изврши казниво дело или друго незаконито или недозволено постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.
Укажувачот не е должен да ја докажува добрата намера и вистинитоста на пријавувањето од ставот (1) на овој член.
На укажувачот му се обезбедува заштита согласно закон и му се гарантира анонимност и доверливост до степен и до момент до кои тој тоа го бара.

Член 3

Прием на пријави заради заштитено внатрешно пријавување и заштитено надворешно пријавување во МЕП врши лице овластено од раководното лице на МЕП, на кое му се обезбедува независност и непреченост во работењето.
Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во МЕП (во понатамошниот текст: овластено лице), врши прием на пријавите, доставени директно до него од укажувач заради заштитено пријавување согласно закон, поединечно или групно, во писмена форма доставени лично или преку посебно поштенско или електронско сандаче или усно на записник.

**Постапка за прием на укажување**

Член 4

Укажувачот со добра намера, врши заштитено внатрешно пријавување и заштитено надворешно пријавување со поднесување на пријава во писмена форма, преку посебно поштенско или електронско сандаче или усно на записник пред овластеното лице.
Пријавата, во писмена форма или на записник, укажувачот ја поднесува до овластеното лице во текот на работното време.

Член 5

Доколку пријавата е добиена усно, овластеното лице составува записник во кој се содржани следните податоци:
а) назив на органот каде што се врши пријавувањето;
б) податоци за укажувачот (доколку е познат):
- име и презиме,

- категорија на лице кое согласно Законот за заштита на укажувачи може да се јави во својство на укажувач,
- барање од укажувачот да остане доверлив и степенот до кој тоа го бара;
в) податоци за лицето против кој укажувачот пријавува;
г) опис на казниво или друго незаконито и недозволиво постапување со кое се повредува и загрозува јавниот интерес;
д) предложени од укажувачот начин и форма на комуникација помеѓу овластеното лице и укажувачот;
ѓ) прилози; и
е) датум и место на прием на пријавата.
Совпаѓањето на податоците од усната пријава во содржината на записникот се потврдува со личен потпис на укажувачот и овластеното лице.
Записникот од ставот (1) на овој член се заведува како примена пријава.

Член 6

Доколку пријавата е доставена во електронска форма, овластеното лице го печати записот и го заведува како примена пријава.
Пријавата за заштитено пријавување што се доставува во писмена форма содржи:
а) назив на органот каде што се врши пријавувањето;
б) податоци за укажувачот (доколку е познат):
- име и презиме,
- категорија на лице кое согласно Законот за заштита на укажувачи може да се јави во својство на укажувач,
- барање од укажувачот да остане доверлив и степенот до кој тоа го бара;
в) податоци за лицето против кој укажувачот пријавува;
г) опис на казниво или друго незаконито и недозволиво постапување со кое се повредува и загрозува јавниот интерес;
д) предложени од укажувачот начин и форма на комуникација помеѓу овластеното лице и укажувачот;
ѓ) прилози; и
е) датум и место на прием на пријавата.
Ако кон пријавата има многу прилози овластеното лице може да одлучи да ги чува само во електронска форма, доколку печатењето на прилозите е неекономично.

**Издвојување и обработка на податоците од пријавите**

Член 7

Овластеното лице истиот ден по приемот на пријавата ја заведува пријавата со сите прилози, ја разгледува, ја проучува нејзината содржина и е должно:

- да постапува во согласност со ова Упатство и Законот за укажувачи;
- да ги заштити личните податоци на укажувачот, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот доколку истиот бара да биде анонимен и пријавува доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци;
- да го информира укажувачот кој е познат за преземените мерки во врска со пријавата без одлагање, а најдоцна во рок од петнаесет (15) дена од денот на приемот на пријавата.

Заведувањето на примените пријави овластеното лице го врши со ставање посебен приемен штембил и евидентирање во посебниот деловодник.

Документите поврзани со заштитеното внатрешно пријавување и заштитеното надворешно пријавување, се чуваат во заклучен шкаф во просторијата каде е сместено овластеното лице.

Член 8

Доколку овластеното лице утврди дека примениот документ односно запис не претставува односно не се однесува на пријава од укажувач, за истото веднаш во предметот става забелешка која ја евидентира во посебниот деловодник.

Овластеното лице задржува копие од предметот, а предметот со приложените документи во оригинал го доставува со пропратно писмо до писарницата на надлежната институција.

За преземените дејствија од ставот (2) на овој член, овластеното лице без одлагање го известува укажувачот доколку е познат.

Член 9

По примената пријава до Министерството за европски прашања, за која овластеното лице ќе процени дека истата е логична, разумна и содржи елементи за натамошно постапување, истото презема мерки во своја надлежност за постапување по пријавата, односно ја

проследува пријавата до службеното лице во министерството надлежно за постапување во областа на која се однесува пријавата, откако претходно од пријавата ќе ги издвои личните податоци и податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот, доколку истиот барал да остане доверлив.

Службеното лице, по приемот на пријавата постапува по истата и презема мерки по наводите истакнати во пријавата и до овластеното лице, во рок од седум (7) дена доставува Извештај за преземените мерки и активности во врска со пријавата.

Овластеното лице на барање на укажувачот го известува за текот и дејствијата кои се преземени во постапувањето по пријавата и му овозможува на укажувачот да изврши увид во списите на предметот оформен врз основа на неговата пријава согласно закон (доколку е возможно).

Доколку овозможувањето на увидот од став 3 на овој член, односно пристапот до информациите во врска со постапувањето по пријавата може да има штетни последици за текот на постапката, овластеното лице ги одделува тие информации и за тоа го известува укажувачот и му овозможува увид во останатиот дел на списите од предметот.

За исходот од постапката по предметот оформен по пријавата, овластеното лице во рок од петнаесет (15) дена го известува укажувачот доколку е познат или овластеното лице од друга институција која ја проследило пријавата, за преземените мерки и дејствија.

За наводите од содржината на пријавата и заклучоците, овластеното лице без одлагање го известува министерот за европски прашања.

Член 10

Се забранува откривање или овозможување откривање на идентитет на укажувач, освен кога тоа се бара со судска одлука.

Овластеното лице е должно да ги заштити податоците на укажувачот, односно податоците врз основа на кои може да се открие идентитетот на укажувачот, освен ако укажувачот се согласи на откривање на тие податоци, а во согласност со закон со кој се уредува заштитата на личните податоци.

Овластеното лице е должно во текот на примањето на информациите да го извести укажувачот дека неговиот идентитет може да биде откриен на надлежен орган, ако доколку без откривање на идентитетот не би било можно да се постапува пред тие органи, како и да го извести за мерките за заштита на учесникот во кривичната постапка.

Ако во текот на постапка е неопходно да се открие идентитетот на укажувачот, овластеното лице е должно да го извести укажувачот, пред откривањето на идентитетот.

Член 11

Укажувачот има право на судска заштита пред надлежен суд согласно со закон.

Укажувачот може пред надлежен суд со тужба да побара:

- утврдување дека е преземено штетно дејствие или е повредено право заради заштитено пријавување;
- забрана на вршење на штетно дејствие или повреда на право заради заштитено пријавување и
повторување на штетно дејствие или повреда на право заради заштитено пријавување;
- поништување на акт со кое е извршено штетното дејствие или повреда на право заради заштитено пријавување;
- отстранување на последиците од штетно дејствие или повреда на право заради заштитено пријавување;
- надоместок на материјална и нематеријална штета заради заштитено пријавување.

Член 12

Укажувачот има право на надомест на штета што може да ја претрпи тој или нему блиски лица поради заштитено внатрешно и заштитено надворешно пријавување.

Барањето за надомест на штета од ставот (1) на овој член се остварува со поднесување на тужба до надлежниот суд.

Член 13

Злоупотреба на пријавувањето на укажувачот е свесно пријавување невистинити информации за физичко или правно лице со цел предизвикување на штетни последици за истото.

Злоупотреба на пријавувањето на укажувачот е и доколку со должно внимание и совесно, до степен до кој тоа го дозволуваат околностите, не проверил дали тие се точни и веродостојни.

Со утврдување на злоупотребата од ставовите (1) и (2) на овој член се губи заштитата обезбедена согласно Закон за заштита на укажувачите.

Злоупотребата на пријавувањето на укажувачот поради која настанале штетни последици за физичкото или правното лице е основ за поведување на постапка за утврдување на негова одговорност согласно со закон.

Член 14

Овластеното лице во институцијата до која е доставена пријава по која е надлежна да постапува друга институција согласно закон, најдоцна до осум (8) дена од денот на приемот на пријавата ја заведува и ја проследува до надлежната институција.

Доколку е пријавено кривично дело против државата, против човечноста и меѓународното право, од областа на организираниот криминал и за кое со Кривичниот законик е пропишана казна затвор од најмалку четири години, чиешто докажување е проследено со несразмерни тешкотии или не може да се изврши без исказ на укажувачот кој поради можната опасност да биде изложен на заплашување, закана со одмазда или опасност по животот, здравјето, слободата, физичкиот интегритет или имот од поголем обем, не се согласува во својство на сведок да даде исказ, овластеното лице со прибавена писмена согласност од укажувачот без одлагање доставува:

- до Министерството за внатрешни работи или надлежен јавен обвинител иницијатива за доставување писмено барање за поднесување Предлог за вклучување во Програмата за заштита согласно со Законот за заштита на сведоци или

- до Јавниот обвинител на Република Македонија иницијатива за поднесување Предлог за вклучување во Програмата за заштита согласно со Законот за заштита на сведоци.

За проследувањето на пријавата од ставот (1) на овој член и за доставувањето на писменото барање од став (2) алинеи 1 и 2 на овој член, овластеното лице истовремено го известува укажувачот доколку е познат.

Член 15

Ако укажувачот пријави казниво дело со кое се повредува животот на укажувачот и нему блиско лице, здравјето на луѓето, безбедноста, животната средина, штети од големи размери, односно ако постои непосредна опасност од уништување на докази, не се согласува во својство на сведок да даде исказ, овластеното лице со прибавена согласност од укажувачот доставува писмено барање до надлежните институции.

Член 16

По завршување на постапката овластеното лице составува Извештај за исходот од постапката, преземените и предложените мерки за отстранување на противправните

дејствија по пријавата и на штетните последици по укажувачот настанати во врска со внатрешното пријавување.

Овластеното лице е должно најдоцна петнаесет (15) дена по поднесувањето на пријавата, извештајот од ставот 1 на овој член да го достави до укажувачот и раководното лице во министерството.

Извештајот од став 1 на овој член се заверува и чува според истата постапка како и пријавата.

**Завршни одредби**

Член 17

Овластеното лице изготвува Полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи за заштитено внатрешно пријавување и заштитено надворешно пријавување во МЕП, кој содржи општи статистички податоци за оформени предмети по примени пријави.

(2) Општи статистички податоци за кои задолжително се известува со полугодишен извештај се:

а) вкупен број на примени пријави;

б) број на примени пријави, по следните параметри:

- форма и начин на достава на пријава (усна на записник, писмена по пошта, писмена по електронска пошта),
- пријавено казниво односно недозволиво постапување,
- категорија на лица во својство на укажувач,
- позиција/работно место на пријавени лица,
- доверливи укажувачи,
- анонимни укажувачи,
- укажувачи кои не се анонимни и кои не барале да бидат доверливи;

в) вкупен број на укажувачи;

г) број на анонимни укажувачи;

д) број на доверливи укажувачи;

ѓ) број на пријави кои се проследени до институција на надлежно постапување;

е) број на пријави по кои институцијата постапила во рамки на своите надлежности;

(3) Податоци за оформени предмети по примени пријави се:

а) вкупен број на примени пријави;

б) број на примени пријави по параметрите:

- форма и начин на достава на пријава (усна на записник, писмена по пошта, писмена по

електронска пошта),
- пријавено казниво односно недозволиво постапување,
- категорија на лица во својство на укажувач,
- позиција/работно место на пријавени лица,
- доверливи укажувачи,
- анонимни укажувачи,
- укажувачи кои не се анонимни и кои не барале да бидат доверливи;

в) вкупен број на укажувачи кои доставиле пријави по кои се оформени предмети;
г) број на анонимни укажувачи кои доставиле пријави по кои се оформени предмети;
д) број на доверливи укажувачи кои доставиле пријави по кои се оформени предмети;
ѓ) број на предмети оформени по примени пријави;
е) преземени мерки за постапување по примените пријави;
ж) статус на предметите оформени по примени пријави и исход од постапувањето по предметите.

Овластеното лице, Полугодишниот извештај за примени пријави од укажувачи за заштитено внатрешно пријавување и заштитено надворешно пријавување во МЕП го доставува до Државната комисија за спречување на корупција.

Член 18

Ова Упатство влегува во сила со денот на неговото донесување и истото ќе биде јавно достапно преку објава на веб страната на Министерството за европски прашања.

**Orhan Murtezani**
**Министер за европски прашања**
**Ministër për Çështje Evropiane**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА
MINISTRIA PËR ÇËSHTJE EVROPIANE
Скопје-Shkup

Доставено до:
- сите вработени во МЕП
- Писарница/архива

Подготвил: / Përgatitën: Рената Ивановска
Контролирал: / Kontrolloi: Љубиша Стефаноски
Согласен: / Pajtohet: Laura Ajdini
Одобрил: / Miratoi: Arlinda Gjakova